*За изложбата*

Изложбата *Текстови* се однесува на два прода кон текстот како уметнички експонент на концептните заднини во делата на Жанета Вангели и Станко Павлески. *Текстовите* го одредуваат приодот кон уметничката артикулација на односот уметник - сегашност, уметник- стварност и уметникот - општество.

Избраните дела на двата македонски уметника го покажуваат нивниот однос кон две специфични состојби. Првата состојба (Вангели) *пишува* за погледот кон *надворешното* и го поставува уметникот во позиција во која тој е одреден да се постави во улогата на воспоставување на паралели со минатите искуства. Посегнувањето по извадоци од Светото Писмо и укажувањето на профетските претскажувања ја засегата нивната реализација во денешницата. Вангели избира два паралелни текста: Посланијата на Св. Павле до Колосјаните и до Филипјаните и весникот *Нова Македонија* од 19.06. 1996. и рачно ги испишува на транспарентни хартии. Јукстапонирањето на еден канонизиран текст со текст од секојдневието ја проблематизира состојбата на дневно-политичката улога која ја презема религијата во пост-комунистичкото доба во кое се изместуваат сите вредности. Но, и вредноста која е понудена станува проблематична: оспорувањето на религиозните вредности во минатото ги потресуваат истите вредности во сегашноста правејќи од нив псевоизданија/вредности.

Втората состојба (Павлески) *пишува* за погледот кон *внатрешното* и го поставува уметникот во улога на воспоставување на паралели со сегашните искуства. Павлески со тесктот ги истражува внатрешните случувања низ кои уметникот поминува или кои ги проживува. Низ текстот (кој, поточно, се одвива низ редење на зборови) се провлекува концептот на отворено и јавно откривање на овие процеси кои зборуваат за уметникот. Павлески оваа јавна комуникција не ја остварува со своето (телесно) присуство, туку со концептуализирање на тоа присуство. Текстовите кои тој ги печати претставуваат коментари за процесот на мислење како носечки во процесот на обикувањето. Издигнувањето на такво рамниште прави од текстот да биде не само ликовен елемент, иако тој така е и третиран, туку ја покажува и улогата на авторот и неговото третирање во општеството. Посегањето по јавното декларирање на таквата состојба (концептна заднина) уметнички е обмислена како ликовен елемент (творечка заднина): текстот станува 'слика'.

Спротивставувањето на овие два прода кон текстот (одосно текстуалните потентности за уметничко творење) се одвива во поставувањето на делата едно наспроти друго: наспроти 'транспарентноста' на делата на Вангели стојат 'тешките' одливки на Павлески; наспроти 'ракопишувањето' на текстот на првата стои 'печатењето' на текстот на вториот; наспроти 'надворешното' стои 'внатрешното'; наспроти 'коментарот' стои 'исповедта'. Но, и двата текста говорат за позицијата на уметникот и нужноста од неговиот став во денешницата.

*За уметниците*

Жанета Вангели (1963) и Станко Павлески (1959) се припадници на генерацијата уметници кои ги претставуваат најрелевантните контексти во македонската ликовна уметност. И двајцата повеќе од десеттина години ги поставуваат носечките струи на уметничките приоди и ги оформуваат реперните точки на актуалноста на овие простори. Како претставници на младата средна генерација уште од средината и втората половина на осумдесеттите воведуваат специфични приоди и невообичаени концепти во уметноста, со што ги преземаат одговорностите за радикалната промена во македонската уметност. Уште од своите први изложби (Вангели од 1987, Павлески од 1986) го свртуваат вниманието на ликовната критика и оттогаш учествуваат на сите релевантни претсатавувања на македонската ликовна уметност, било во Македонија било во странство. Двајцата се носители на значајни награди за нивното творештво.

## ТЕКСТОВИ

### *За концептот на изложбата*

Изложбата *Текстови* се однесува на два приода кон текстот како уметнички експонент на концептните заднини во делата на Жанета Вангели и Станко Павлески. *Текстовите* го одредуваат приодот кон уметничката артикулација на неколкуте односи: уметник - став, уметник - стварност и уметникот - општество или уметник - став кон стварноста и општеството. Изложбата ја третира позицијата на уметникот во неговото настојување да ги детерминира и уметнички транспонира видувањата за нив. Таа ја покажува позицијата на уметникот во која било кое негово ангажирано делување е насочено кон извесна констативна карактерност. Без желба да го измени светот, денешниот уметник, преку подрачјето на своето делување, сокоро и да нема амбиции за револуционерен преврат во онаа смисла во која повеќето уметнички движења од крајот на шеестите и седумдесеттите го имаа поставено како своја основна одредница и насока на делување. Повторната појавата уметникот да заземе став околу општествените случувања (кои ги интегрираат културолошките, идеолошките, политичките, етничките или националните аспекти) е показател дека тој излегува од затвореноста на и сигурното прибежиште во светот во кој неприкосновено владее - светот на своето ателје. Ова излегување го поставува во позиција да ги забележува промените на стварноста која е негово окружение - тој смета дека неговиот став спрема таа стварност и спрема тоа општество е дел од интересите со кои треба да се занимава.

Меѓутоа, каква е ангажираноста на денешниот уметник? Уметникот ги издвојува појавностите специфични за сегашноста на општествената структура (или општествената поставеност) според своето убедување. Оваа сегашност не е веќе онаа во која тој само твори, туку и во која живее. Поседувајќи ја свеста за тоа дека ниту со ангажираноста на сопственото творештво (како авангардистите од дваесеттите години на овој век кои веруваат дека со уметноста ќе се смени светот), ниту со својот личен ангажман (како концептуалците од шеесеттите и седумдесеттите години кои веруваа дека со револуционерните идеи ќе го поправат светот) денешниот уметник знае дека неможе да издејствува радикални промени. Таквата свест е производ на прифаќањето на состојбата во која уметноста се одредува како апостериорна категорија во општествените случувања. Со тоа, 'проективната критика' на 'милитантниот' модернизам се видоизменува во исклучива 'констативна критика' на безинтересниот постмодернизам. Исклучивоста тука воглавно се сведува, на естетизација на ангажираноста што го изнудува заклучокот дека уметникот (поставен во апостериорната позиција) не може повеќе да биде агенс на општествените промени. (Сосема е друго прашањето дали некогаш и бил, без разлика на тоа што тој самиот мислел за сопственото делување?!) Оттука, 'ангажираноста' (сега веќе под наводници) во рецентната уметност подразбира само констатирање на состојбите и односите, со што априорната улога на уметникот во општествените промени е заменета со негова апостериорност.

Уметникот во постмоденристизмот ја нема веќе илузијата дека ќе го смени или подобри светот.

Затоа, при изборот на 'уметничките материјали' денешниот уметник сè почесто се свртува кон текстот. Употребата на текстот недвосмислено укажува за настојувањето на уметникот својот став да го пренесе на најкомуникатибилниот начин. Непосредното обраќање преку текстот ги исклучува погрешните

несаканите 'читања', или поточно ги насочува 'читањата' на делото. Од друга страна, ако за денешницата е суштинска непосредната комуникација на медиумот, тогаш употребата на текстот во уметничкото творење го наоѓа своето оправдување. Комуникативните аспекти на текстот ги поставуваат параметрите и се носители на концептните заднини. Начинот на употребата на овие аспекти на текстот ги прави различностите на концептните заднини во делата на рецентната продукција. Но, присуството на текстот ја нема целта да произведе манифест со којшто уметникот ја објавува својата ангажираност. Констативниот карактер на критиката во делото го користи текстот и со цел истиот да го обликува и како ликовност. Во таа смисла, удвојувањето на присуството на текстот како дуопол (комуникатибилност и ликовност) го одредува како носител на повеќередни значења. Концептната заднина со тоа го добива своето уметничко образложување.

Изложбата *Текстови* настојува да ги опфати присутностите на овие аспекти на текстот во избраните дела на двата македонски уметника. Тие го покажуваат односот кон овие специфични состојби на два различни начини. Како такви тие создаваат контрадикторен однос кој започнува и завршува во текстот.

*Прв текст - уметникот за стварноста*

Првата состојба (Вангели) *пишува* за погледот кон *надворешното* и го поставува уметникот во позиција во која тој е одреден да ги воспостави паралелите со минатите искуства. Посегнувањето по изводоци од Светото Писмо (поточно Новиот Завет) и укажувањето на пророчките претскажувања има за цел да ја засегне нивната реализација во денешницата. За делото *Посткомунистичка пластика* Вангели избира два паралелни текста. Едниот се Посланијата на Св. Апостол Павле до Колосјаните и до Филипјаните и другиот е весникот *Нова Македонија* од 19.06. 1996. Тие се рачно испишани на транспарентни хартии. Дискурсот кој се отвора помеѓу овие два текста својата суштина ја наоѓа во Посланието на Св. Апостол Павле до Филипјаните:

> '15. Некои навистина, од завист и препирки, а други од добра волја Го проповедаат Христа...',

односно во Посланието до Колосјаните:

> '21. И вас, кои некогаш бевте одстранети од Бога, и Негови непријатели поради помислите кон лошите дела, 22. сега ве прими во телото на Неговата плот, преку неговата смрт, за да ве претстави Себе свети, непорочни и без вина, 23. само ако останете тврди и непоколебливи, и бидете неподвижни во надежта на Евангелието, кое е проповедано на секое поднебесно создание, кое го чувте и кому јас Павле му станав слуга.'

Основното настојување на Вангели во ова дело е нагласувањето на изместувањето на вредностите наведени во Посланијата, вредности кои треба да ја имаат водечката улога во времето без вредности, или вредности кои треба да ги заменат не-вредностите. Запоставената Црква во социјалистичкиот период на Македонија денес го доживува своето повторно актуелизирање. Но, вредностите кои денешната Црква може да ги понуди стануваат проблематични: оспорувањето на религиозните вредности во минатото ги потресуваат истите вредности во сегашноста правејќи од нив псевдо-изданија/вредности. Ставот на Вангели е јасно одреден со препишувањето на целата содржина на весникот *Нова Македонија* од 19.06.1996 - весник којшто го зема во авионот на датумот на којшто патува од, односно ја напушта Македонија. Со тоа, јукстапонирањето на еден канонизиран текст со текст кој се занимава со секојдневието ја

проблематизира улогата која ја презема религијата во пост-комунистичкото доба одредувајќи ја како дневно-политичка.

За делото *Откровението на Св. Јован 1* Вангели го избира Откровението на Св. Апостол Јован Богослов. Текстот е рачно испишан на два ротулуса (свитоци на ленено платно премачкани со црвен акрилик). И овој текст е поврзан со денешната рецепција на религиозноста, дефинирана како 'нова религиозност'. Во овој текст Св. Јован пишува:

> '5.1. И видов во десницата на Оној, Кој седеше на престолот, книга напишана однатре и однадвор, запечатена со седум печати. 2. И видов силен ангел, кој викаше со висок глас: кој е достоен да ја отвори книгата и да ги скрши печатите нејзини? 3. И никој не можеше, ниту на небото, ниту на земјата, ниту под земјата, да ја отвори книгата, ниту пак да ја гледа. 4. И јас многу плачев, дека никој не се најде достоен да ја отвори и да ја прочита таа книга, ниту да ја гледа.'

Коментарот на Вагели се однесува на проблематизирањето на апокалиптичноста во текстот. При тоа таа го остава проблемот отворен и нерешен, бидејќи на чија апокалипса се однесува наведувањето на текстот? На личната, идеолошката, религиозната, материјалната? Кој ги дефинира општествените состојби во денешницита, кој ги диктира, кој нуди решение или избавување?

Неможноста да се дојде до конечните одговори во двете дела на Вангели е обликувана на идентичен начин. Во првото дело транспарентноста на хартијата привидно го разрешува проблемот. Со оглед на тоа дека станува збор за неколку листа поставени еден преку друг, читањето на текстот е подредено на следниот начин: првиот лист е најчитлив, вториот делумно, а третиот сосема нечитлив. Во второто дело текстот е читлив само на надворешната страна на ротулусите. Како што платното се завиткува навнатре текстот, заради недостапноста до него, станува нечитлив. Затоа, можно ли е конечното спознание? Може ли да се дојде до вистината? Од друга страна, доколку наслагите на текстовите во првото дело и завитканоста на текстот во второто се третираат како акумулации на текстови (односно значења, вредности), тогаш се наметнува помислата дека акумулациите исто така го оневозможуваат допирањето до вистините. Акумулациите стануваат бреме кое веќе ги има исцртано границите на спознајната моќ.

Оттука, Вангели не прашува дали има ли некој 'да ја отвори книгата', туку констатира дека заради недокучивоста на вистините и акумулирањето тие стануваат нереферентни за денешницата.

### *Втор текст - уметникот во стварноста*

Втората состојба (Павлески) *пишува* за погледот кон *внатрешното* и го поставува уметникот во улога на воспоставување на паралели со сегашните искуства. Павлески со текстот ги истражува внатрешните случувања низ кои уметникот поминува или кои ги проживува. Низ текстот (кој, поточно, се одвива низ редење на зборови) се провлекува концептот на отворено и јавно откривање на овие процеси кои зборуваат за уметникот. Фрагментирањето на текстот до неговата основна единица - зборот, својата конечна форма ја има во непрекинатото течење на зборови. Тие навидум немаа никаква поврзаност и тешко би можело да се воспостави ред; се чини дека повеќе станува збор за нивно нафрлање онака како што наидуваат во мислите. Меѓутоа, сеопфатниот приод кон текстот на Павлески разграничува два момента.

Првиот момент се однесува на сеопфатното исчитување на текстот. Текстовите кои тој ги печати претставуваат коментари за процесот на мислење како носечки во процесот на обикувањето. Тие ја откриваат сликата на уметникот како мислител за кој деталната подготовка за уметничко обликување

е еднакворамна на самиот процес на обликување. Но, тие се едновремено и исказ за сите мисли кои уметникот го обземаат поаѓајќи од моментот на рецепцијата на делото сé до неговата анализа апостериори. Уметникот, според Павлески, е однапред подготвен за тешкотијата или дури и неможноста на апостериорната мисла да ги долови суптилните финеси со кои се бори уметникот. Тој пишува: 'Гледаме ли во она што е ? • Понатаму од е ? • Се плашам дека воопшто гледаме •' Понатаму, во неговите текстови многу често се сретнува засегањето на уметникот од односот однадвор, од односот кон институциите на уметничкото делување, од понатамошната судбина на неговото дело. Неговото разбирање е често пати скептично во овие аспекти и заради тоа како да настојува да ги дообјасни овие процеси. Бездруго текстот му го овозможува тоа.

Вториот момент се однесува на сеопфатната форма на текстот. Приодот на Павлески кон формата во којашто ќе биде обликуван текстот е еднаквомерен со неговиот приод кон материјалот за обликување воопшто. 'Сликовитоста' на оваа форма тој ја спротивставува и ја вкомпонирува заедно со другите материјали. Овој однос кон текстот настојува да го задржи уметниковото задоволство од творење и покрај сите сомневања. Така, текстот не е само текст, туку и затемнета површина која се спротивставува на високо полираниот месинган лим, неговата плошност ја надополнува волуменозноста на предметите со кои компонира (како во случајот на делото *Светот во коцка или кружен енергетски трансфер - сé е парче, сé е транспарентно*). Обликувањето на текстот уште повеќе доаѓа до израз во второто дело *Метална анатомија или за љубовта - sвезда, птица, куќа* во кое на оловните одливки се поставени плочки со знаци: на едната однив четири шестлисни розети, на другата два 'знака' од клинестото писмо. Особено овие вториве ја надополнуваат 'сликовноста' на текстот со самиот факт што уметникот е свесен за нивната провениенција - тие и се во една преносна смисла 'редуцирани слики'.

И двата момента настојуваат да воспостават една непосредна комуникација со реципиентот. Фактот дека Павлески оваа комуникција не ја остварува со своето (телесно) присуство, туку со концептуализирањето на тоа присуство, го издигнува текстот на такво рамниште кое од него прави не само ликовен елемент (иако тој така е и третиран), туку и концептна суштина. Посегањето по јавното декларирање на таквата состојба (концептна заднина на текстот) која е уметнички обмислена како ликовен елемент (творечка заднина на текстот) текстот го прави порака. Содржинските аспекти на текстот како порака ја покажува улогата на уметникот, неговото лоцирање и третирање во општествените структури. Пораката преку текстот станува средство за воспоставување на јавната комуникација на уметникот. А тоа е она излегување на уметникот вон од своето ателје во коешто неприкосновено владее и со тоа тој се впушта во дијалог со стварноста на неговото окружение.

*За изложбата - повторно: спротивности и едначење*

Спротивставувањето на овие два приода кон текстот (одосно текстуалните потентности за уметничко творење) се одвива и во нивното поставување едно наспроти друго. Контрадикторниот однос кој започнува и завршува во текстот се развива преку низа на антиподи поделени во неколку аспекти: наспроти 'транспарентноста' на делата на Вангели поставена е 'полноста' на материјалот на Павлески; наспроти 'лесните' листови и свитоци на првата поставени се 'тешките' одливки и плочи на вториот; наспроти 'ракопишувањето' на текстот поставено е 'печатењето' на текстот; наспроти повеќеслојноста на текстот поставена е

еднослојност; наспроти 'длабинското' читање понудено е 'површинско' читање; наспроти 'надворешното' стои 'внатрешното'; наспроти 'коментарот' стои 'исповедта'.

Но и покрај ваквото антиподно поставување, и двата текста говорат за едно: позицијата на уметникот и неговиот став за денешницата.